арх. бр. 23-450

-Кои подзаконски акти ги има донесено Општината во текот на 2020/2021 година, а произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики (како на пример промена на Статут на општината) . Ве молам испратете ми ги електронска копија од актите со датум на донесување.

- Дали Општината има одредено службеник за млади врз основа на Член 23 од Законот за младинско учество и младински политики – ве молам наведете ми го името и презимето на лицето и датумот на одлуката?

- Дали општината има формирано Локален совет на млади (ЛМС)? Доколку е формиран ЛСМ, ми треба информација кој е именуван за претседател, датум на формирање на Советот, како и информација за процедурата со која бил формиран ЛМС.

- Дали во буџетот на Општината за 2021 година е одвоен законскиот 0,1% одреден во Законот за младинско учество и младиски политики. Ве молам наведете ми која е одвоената сума и под која ставка на општискиот буџет?

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 23-450/1 од 25.01.2021 година, Ви ги доставуваме бараните податоци:

1. Општина Кавадарци во текот на 2020 година нема донесено подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики.
2. Лице кое е задолжено за локалниот младински совет на општина Кавадарци е Сандра Аниие Михаела Андова, номинирана од 18.11.2020 година.
3. Локалниот младински совет активно учествува во работењето на Советот на Општината од 2010-2020 година. Моментално мандатот на Локалниот совет на млади е завршен заклучно со месец март 2020 година и општината ќе започни постапка за ново формирање.
4. Во општинскиот буџет за 2021 година нема предвидено средства согласно Законот за младинско учество и младински политики.